Република Македонија
**Н О Т А Р**
**ДАРКО СТОЈКОСКИ**
За подрачјето на Основните судови на град Скопје
ул. Трифун Хаџијанев бр. 1, Скопје.
/Ден петти, месец јуни, година двеилјадиидеветнаесетта/
05.06.2019 година
Во 13,00 (тринаесет) часот

**Книга II ОДУ бр. 610/19**
**ИЗВОД**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ**---------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**05.06.2019** /двеилјадиидеветнаесетта година, месец јуни, ден петти/----------------------------------------
**НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ,** за подрачјето на основните судови на град Скопје, со службено седиште на ул. Трифун Хаџијанев бр. 1, Скопје, потврдувам дека денес на ден **05.06.2019** година /Ден петти, месец јуни, година двеилјадиидеветнаесетта/ на барање на Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД-Скопје, присуствував на седницата на закажаното собрание на Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД-Скопје. Седницата на собранието се одржува во седиштето на друштвото на Булевар Александар Македонски бр. 18 Скопје-Гази Баба, Гази Баба, со почеток во **13:00** (тринаесет) часот, на ден петти, месец јуни, во година двеилјадиидеветнаесетта, при што согласно член 92 од Законот за Нотаријат и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004), го составив следниот ---------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------**ЗАПИСНИК**----------------------------------------------------

-----------------------------**од седница на собрание на ФАКОМ АД -Скопје** ------------------------------

Непосредно пред почетокот на Собранието на мое барање ми беа предочени:---------------------------
**А)**Тековна состојба на правното лице од која утврдив дека Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД-Скопје, е основано на ден 13.11.2006 година и е запишано во единствениот трговски регистар, со ЕМБС 4095596 и единствен даночен број 4030982260338.-----------------------------------------------------------------
**Б)**Акционерска книга на ФАКОМ АД -Скопје издадена во електронска форма од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 03.06.2019 (двеилјадиидеветнаесетта година, месец јуни, ден третти) во 14:44:23 – 14 (четиринаесет) часот и 44 (четириесет и четири) минути и 23 (дваесет и три) секунди, од која утврдив дека номиналната основна главнина на Друштвото изнесува 207.702.511,00 МКД (двестотинииседуммилионииседумстотинии двеилјадиипетстотини иединаесетденари), која е поделена на вкупно 67000 (шеесетиседумилјадии) акции, чија номинална вредност изнесува 51,13 ЕУР (педесетиедноевроитринаесетценти) и дека бројот на гласовите на собранието изнесува 67000 (шеесетиседумилјади) акции и е соодветен на вкупниот број на обични акции со право на глас.----------------------------------------------------------------------------
**В)**Копија од јавниот повик за свикување на Собрание на акционерите на Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД-Скопје, кој е објавен во дневниот печат на НОВА МАКЕДОНИЈА на ден 03.05.2019 година (двеилјадиидеветнаесетта година, месец мај, ден третти) со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на денешната седница на закажаното годишно собрание на акционерите на Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД-Скопје, со почеток во 13:00 (тринаесет) часот.-------------------------------------------------
Г)Списокот на пријавени акционери кој е составен дел и прилог на овој Записник, при што лично утврдив дека уредно се имаат пријавено 2 (два) акционери со вкупен број на гласови 65222 (шеестипетилјадиидвестотиниидваесетидве) акции.--------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што на седницата се присутни акционери со број на акции кои даваат право на на 65222 (шеестипетилјадиидвестотиниидваесетидве) акции, од вкупно 67000 (шеесетиседумлјади) акции кои даваат право на глас, постои кворум за одлучување на собранието и тоа како со просто така и со двотретинско мнозинство. Собранието го отвори претседавачот од претходното собрание Славица Чикова, кој ги поздрави присутните акционери, го прочита и го објави дневниот ред, и констатираше дека собранието на денешната седница ќе работи по следниот:--------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД---------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**I.Процедурален дел** ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
1. Отворање на седницата на Собранието;-------------------------------------------------------------------------------
2.Избор на претседавач на Собрание;-----------------------------------------------------------------------------------
3. Избор на бројачи на гласови;-----------------------------------------------------------------------------------------
4. Записникот ќе го води нотар.------------------------------------------------------------------------------------------

**II.Работен ред** -----------------------------------------------------------------------------------------------------------
5.Разгледување и усвојување на записник од претходна седница на Собрание на акционери со Предлог Одлука;----------------------------------------------------------------------------------------------------------
6.Одобрување и усвојување на Годишна сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за деловната 2018 година, со Предлог Одлука;---------------------------------
7.Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година со Предлог Одлука;------------------------------------------------
8.Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година со Предлог Одлука;------------------------------------------------------------------------------------------------------
9.Донесување на Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2018 година со Предлог Одлука;--------------------------------------------------------------------------------------------------------
10.Донесување на Одлука за распределба на нераспределената добивка за 2008 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар со Предлог Одлука;--------------------
11. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на друштвото со Предлог Одлука;-------------------------------------------------------------------------------------
12. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото со Предлог Одлука;-------------------------------------------------------------------------------------
13. Донесување на Одлука за констатирање престанок на функцијата член на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД-Скопје;------------------------------------------------------------------------------------------------
14.Одлука за изменување на Одлуката С.О.бр. 18 од 15.06.2016 година.-----------------------------------
15. Одлука за изменување на Статутот на ФАКОМ АД-Скопје;-----------------------------------------------
16.Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи зна Друштвото за 2019 година со Предлог Одлука.----------------------------

Собранието го отвори претседавачот од претходното собрание Славица Чикова, која ги поздрави присутните акционери, која истакна дека на ден 03.05.2019 година е објавен јавен повик во дневниот весник Нова Македонија, им посака успешна работа на присутните и ги објави податоците од верификациониот список. Констатира дека според верификациониот список присутни се акционери кои претставуваат 65222 акции, односно 97,35% присутни од вкупниот број на акционери, со што се исполнети законските претпоставки за одржување на денешната седница на собрание на акционери и констатира дека можат полноправно да се носат одлуки. Ги запозна присутните со предлогот на полномошникот на акционерот REPRO ONE LIMITED TORTORA повторно да биде избрана Славица Чикова како полномошник на акционерот REPRO ONE LIMITED TORTORA и законски застапник на акционерот REPRO ONE LIMITED TORTORA и предлогот го стави на гласање.----------------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА, и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за избор на претседавач на Собрание.-------------------------

**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Избор на бројачи на гласови.----**
Претседавачот на Собранието Славица Чикова ги објави податоците од верификациониот список. Констатира дека според верификациониот список присутни се акционери кои претставуваат 65222 акции, со што се исполнети законските претпоставки за одржување на денешната седница на собрание на акционери и констатира дека можат полноправно да се носат одлуки, воедно ги предложи следните лица за избор на комисија за верификација и броење на гласови: Добре Наумоски и Виолета Цветковска. Претседавачот отвори дискусија и бидејќи никој не бараше збор, претседавачот ја стави на гласање оваа точка.---------------------------------------------------------------
Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА, и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за избор на бројачи на гласови.-----------------------------
Потоа претседавачот објави дека записникот од денешното Собрание ќе го води Нотар Дарко Стојкоски.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и усвојување на записник од претходна седница на Собрание на акционери со Предлог Одлука.**-----------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка и постави прашање дали некој има забелешки. За збор се јави Сашо Станкоски кој рече дека не може да даде забелешки затоа што не може да дојде до записникот, односно дека не може да најде каде е објавен записникот. Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање.---------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА, и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за усвојување на записникот од претходната седница.---
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Одобрување и усвојување на Годишна сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за деловната 2018 година, со Предлог Одлука.**----------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред. Збор зема Г-Дин Бојан Јордановски, кој истакна дека деловната 2018 година е со позитивен финансиски резултат, и во однос на минатата година приходот е зголемен за 6,3% во однос на истиот период 2017 година. Даде краток осврт на постигнатите финансиски резултати за 2018 година, со финансиска анализа на резулатите од работењето на друштвото за периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година. Ги изложи во бројки она што е постигнато со мала компарација.------
Претседавачот на Собранието по воведните излагања, ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред. За збор се јави акционерот Сашо Станкоски, кој даде осврт на излагањето и истакна дека сума сумарум размислувањето е дека резултатите се позитивни.-------------------------
Бидејќи никој друг не се јави за збор по оваа точка од дневниот ред, претседавачот одлуката ја стави на гласање и констатираше дека собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ ја донесе **Одлуката за Одобрување и усвојување на Годишна сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за деловната 2018 година.**---------------------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година со Предлог Одлука.**-----------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред. Збор зема Снежана Сиљановска, која истакна дека позитивно е мислењето од ревизорот, и дека би го кажала истото кое што е претходно кажано.--------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционерот Сашо Станкоски, кој даде коментар дека оваа година е подобра за ревизорите, ама сепак дека има интересни работи. ---------------------------------------------------
Бидејќи никој друг не се јави за збор по оваа точка од дневниот ред, претседавачот одлуката ја стави на гласање и констатираше дека собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ ја донесе **Одлуката за разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година.**-------------------------------------------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година со Предлог Одлука.**------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, и збор и даде на Татјана Папастеревска- раководител на службата за внатрешна ревизија, која истакна дека внатрешната ревизија е во согласност со Законот за трговски друштва и правилникот за работа, и дека внатрешната ревизија врши ревизорски прегледи предвидени со годишниот план за работа во 2018 година, одобрен и усвоен од Надзорниот одбор на ФАКОМ АД Скопје. Истакна дека службата за ревизија има примарна цел да обезбеди независно и објективно мислење од Надзорниот и Управниот одбор, за системот на интерни контроли, преку мерење и оценување на ефективноста на наведените контроли и системи во остварувањето на целите на друштвото. Ја нагласи политиката на друштвото за целите кои треба да се постигнат, ефикасното извршување на продажба, калкулација на понуда. При спроведувањето на внатрешната ревизија, друштвото се води од предвидување и контролирање на следните ризици: неусогласеност со деловните политики, политики на цени, неконкурентност, понудените рокови за реализација и услови за наплата да го нарушат нормалното одвивање на целокупниот деловен процес,

издавање на неисправна документација, непочитување на законските регулативи при издавање на документи поврзани со продажбата. Истакна дека интегрираниот систем Pantheon овозможува креирање, контрола и издавање на документите поврзани со реализација на деловната активност, во склад со регулативите и прописите . Доделените авторизации и ограничувања при креирање и издавање на документи како и стриктно утврдените авторизации за евентуални корекции, ги минимизират ризиците од издавање на неисправни документи. Имајќи ја предвид извозната ориентираност на друштвото, голема е застапеноста на материјалите од странство, ова се области кои се строго дефинирани со прописи и регулативи кон кои друштвото целосно се придржува. Документите кои се креираат и оние кои се комлетираат за пред Царинска управа се во склад со прописите на управата. Интегрираниот систем овозможува врзување на зависните трошоци (царина, транспорт, шпедитерски услуги.....) за конкретниот предмет на набавка/увоз, а за тоа се доделени авторизации за креирање и измена на документи. Со тоа се минимизира ризикот од грешки, неверодостојни информации за трошоците од увоз, па и создавање дополнителнни трошоци и обврски. Дадените препораки се во функција на подобро извршување и подобра евиденција и истите се прифатени. Службата за внатрешна ревизија утврди дека организацијата функционира со воспоставен систем на интерни контроли кој обезбедува целосно следење и евидентирање на документацијата во прегледаните единици, дефиниран систем на одобрување на активностите и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените. Вака поставениот систем овозможува ефективна и ефикасна контрола на работењето и минимизирање на потенцијалните грешки и неправилности.-----------------------------
Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање и констатираше дека собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ ја донесе **Одлуката за разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година.**-----------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред –Донесување на Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2018 година со Предлог Одлука.**-----------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, ја прочита на глас предлог одлуката. За збор се јави Сашо Станкоски кој постави прашање кое се однесуваше на распределбата на 50% од добивката, имено 50% се наменети за инвестиции, а каде ќе одат останатите 50% ?? На прашањето му беше одговорено дека може да остане нераспредеаена или да се распредели. Сашо сака да му се појасни дали ќе се распредели или нема да се распредели, не е јасно и дали ќе има дивиденда. Претседавачот му нагласи дека ова прашање е во друга точка од дневниот ред. Дискусијата продолжи во насока на употребата на добивката, и ако било до 2008 година година, како е во сегашно време и за што понатаму би требало, а за што ќе бидат искористени паричните средства. Се наметна и друго прашање за вишокот дека треба да се плати данок, а влезени се во пасива и актива, како пари се инвестирани, од 2007 година па наваму почнуваат добивките, не се користени кредити, треба да се врати како кеш пари, на истата добивка треба да се плати данок на добивка кој е зголемен.-----------------------------------------
Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање и констатираше дека собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ ја донесе **Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2018 година.**---------------------------------------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Донесување на Одлука за распределба на нераспределената добивка за 2008 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар со Предлог Одлука.**-----------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, и збор и даде на Снежана Сиљановска, која истакна дека оваа точка од дневниот ред веќе е продискутирана, на кратко ја образложи оваа предлог одлука, истакнувајќи дека дивиденда ќе се дели до 30.09.2019 година, ги изложи бројките кои се наменети за дивиденда, данокот ќе треба да се плати, износот на акцијата и слично.-----------------------------------------------------------------
Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање и констатираше дека собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ ја донесе **Одлуката за распределба на нераспределената добивка за 2008 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар.**------------------------------------------------------------------------------------

**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на друштвото со Предлог** Одлука.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:-----------------------------------------------------------
**-Г-дин Златко Симоновски со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**------------------------------
**-Г-дин Зоран Стојановски со 65145 гласа ЗА, и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**------------------------------
**-Г-ѓа Снежана Сиљановска со 65145 гласа ЗА, и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**---------------------------
**-Г-дин Бојан Јордановски со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**-----------------------------
**-Г-дин Димче Галовски со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ПРОТИВ.**----------------------------------------
**-Г-дин Игор Трајковски со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**------------------------------
Потврдувам дека **Одлуката за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на друштвото**, беше усвоена по пат на јавно гласање со кревање раце за секој од членовите поединечно.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото со Предлог** Одлука.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, и бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:-----------------------------------------------------------
**-Г-дин Минчо Јорданов со 65145 гласа ЗА, 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**-------------------------------------
**-Г-дин Ѓорѓи Савов со 65222 гласа ЗА,**--------------------------------------------------------------------------
**-Г-дин Горан Мауровски со 65145 гласа ЗА, 77 гласа ВОЗДРЖАНИ,**------------------------------------
**-Г-ѓа Наташа Јорданова со со 65145 гласа ЗА, 77 гласа ПРОТИВ,**---------------------------------------
**-Г-дин Александар Николовски со 65145 гласа ЗА, 77 гласа ВОЗДРЖАНИ.**--------------------------
Потврдувам дека Одлуката за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на друштвото, беше усвоена по пат на јавно гласање со кревање раце за секој од членовите поединечно.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Донесување на Одлука за констатирање престанок на функцијата член на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД-Скопје**.---
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, ја прочита на глас предлог одлуката и во кратки црти образложи дека поради настапување на смрт на Г-Дин Александар Николовски се утврдува престанок на мандатот како независен член на Надзорниот одбор на друштвото.------------------------------------------------------------------------------------------------
Бидејќи никој не се јави за дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање.----------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека **Одлука за констатирање престанок на функцијата член на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД-Скопје** беше усвоена по пат на јавно гласање со кревање раце со **65222** гласа ЗА.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Донесување на Одлука за изменување на Одлуката С.О.бр. 18 од 15.06.2016 година.**-----------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, ја прочита на глас предлог одлуката, истакнувајќи дека се предлага да се смени насловот на одлуката и дека се предлага Г-Дин Ѓорѓи Савов да биде избран за независен член на Надзорниот одбор на друштвото со мандат од 4 (четири) години. Бидејќи никој не се јави за дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање и констатираше дека собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ ја донесе **Одлуката за изменување на Одлуката С.О.бр. 18 од 15.06.2016 година.**-----------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Донесување на Одлука за измена на Статутот на ФАКОМ АД -Скопје.**--------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред истакнувајќи дека предложената измена на статутот, ќе се состои од следното: ќе се изврши измена на чл. 43 став 1 од Статутот, после зборот има бројот и зборот 6 (шест) се заменуваат со бројот 5 (пет). ------------------------------------------------------------------------------------------------
Во членот 48 став 1, после зборот има бројот и зборот 5 (пет) се заменуваат со бројот и зборот 4 (четири).-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. -----------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека **Одлуката за промена на Статутот на ФАКОМ АД -Скопје** беше донесена по пат на јавно гласање со кревање раце со 65222 гласа ЗА.------------------------------------------------
**-Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред -Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година со Предлог Одлука.**-----------------------------------------
-Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред и збор и даде на Снежана Сиљановска, истакнувајќи дека до Друштвото се пристигнати повеќе понуди но како најповолна ја предлага МУР СТИВЕНС ДОО Скопје. Претседавачот предложи Собранието да ја донесе предложената одлука и истата да ја стави на гласање. ---------------------------------------
Потврдувам дека одлуката за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година беше донесена по пат на јавно гласање со кревање раце со 65145 гласа ЗА и 77 гласа ВОЗДРЖАНИ.-------------------------------------------------
Откако беше исцрпен дневниот ред, Претседавачот констатира дека собранието заврши со работа во 14.00 (четиринаесет часот и нула минути) часот.--------------------------------------------------
Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од оваа правна работа.-------------------
Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој Нотарски Акт во целост одговара на дејствијата кои се случуваа на седницата на Собранието.--------------------------------------------------------------------------------------------
Овој нотарски акт е составен на шест страни од шест листа. На странката и се издаваат два изводи, а изворниот акт се чува во мојата архива.--------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 т.2 од Законот за судски такси и член 158 од Законот за нотаријат во износ од **500,00** денари, наплатена и поништена примерокот кој останува за архивирање. -------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарска награда е пресметана во износ од **10.000,00** денари согласно член 41г од Нотарската тарифа.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
За учесникот во постапката, Претседавач на Собранието.-----------------------------------------------------
**Чикова Славица с.р.**___________________________----------------------------------------------------
**ОДУ бр.610/19**, Скопје, 05-06-2019-двеилјадиидеветнаесетта година, месец јуни, ден петти.--------
**Ова е прв извод идентичен со изворникот и се издава за учесниците во постапката.** -----------

**НОТАР Дарко Стојкоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ СКОПЈЕ